РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2177/2
29-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), ), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител физичко лице, на 49-а седница - на продолжението на седницата одржано на ден 09 Јуни 2021 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12- 3455/1 од 08.07.2019 година доставена одпознат подносител – физичко лице --------------------------------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3455 од 2019 година оформен врз основа на пријаватабр. 12- 3455/1 од 08.07.2019година.

Предметот со број 12-3455 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-3455 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 3455/1 од 08.07.2019година, доставена од познат подносител – физичко лице ------------------------------------------.

Со наводите од пријавата се укажува на нестручно и несовесно работење во службата од страна на службеното лице ---------------------, Извршител именуван ---------------------------------------------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајки од наводите на подносителот, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации – со прилог документација од Комората на извршители на Република Северна Македонија.

Последователно, од Комората на извршители на Република Северна Македонија- преку претседателот на КИРСМ до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор со прилог документација.

Имено, Комората на извршители на Република Северна Македонија со писмен одговор ја извести Државната комисија дека кај овој орган била примена претставка од лицето -------------------------, во врска со предметниот случај, конкретно за тоа дека посочениот извршител при преземање на дејствија од постапка за извршување, во придружба на полиција, не му доставил записник за извршениот увид, дека од извршителот бил извршен попис на подвижни предмети за предмет каде што истиот не бил должник, како и дека на подносителот под влијание на случката му се влошило здравјето, нему и на неговата снаа која се грижела за него.

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од одговорот доставен од КИРСМ се констатира дека Комората постапила по претставката на начин што бил побаран и добиен одговор од посоченото лице извршител и дека врз основа на добиениот одговор и списи било констатирано дека извршителот во конкретниот случај, на ден ------------ година, постапувал по барање за спроведување на извршување од доверителот -------------- против едно правно лице – доо, од --------------------- како должник, едно правно лице – доо, како ------------ и против две физички лица и дека извршувањето се спроведувало врз основа на извршна исправа од -------------- година. Извршителот постапувал по сочинет Налог за извршување и составил Записник за попис и процена на подвижни предмети во домот на должникот ----------------, односно во куќата на неговиот ----------- каде должникот, според адреса од лична карта домува во ----------------------.

Комората на извршители, понатаму, констатирала дека се работи за претставка која всушност по својата содржина претставува Приговор против незаконитости во извршувањето за постапување по кој, согласно член 86 од Законот за извршување е надлежен судот на чија територија се спроведува извршувањето. Оттаму, врз основа на констатираното од КИРСМ бил донесен заклучок со кој претставката против посочениот извршител се отфрла и подносителот на претставката добил правна поука дека е потребно да поведе соодветна постапка по Приговор до Основниот суд кој е стварно и месно надлежен.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај и по целосно проучување на сите расположиви и прибавени списи - Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не се потвдуваат, дека за посочените наводи подносителот имал можност и право да користи соодветно правно средство – приговор по кој одлучува друг надлежен орган во РСМ, како и дека наводите на подносителот на пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг , а кои кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија и/или под основи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- подносителот